Рег.РГ. бр. 12

Р.

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ - како првостепен Граѓански суд,** надлежен за водење на Единствениот судски регистар на цркви, верски заедници и религиозни групи, преку судијата **Маргарита Топанова**, како судија поединец, постапувајќи по барањето за запишување во Единствениот судскиот регистар на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" со привремено седиште на ул. „Кочанска" бр. 2/23 Битола, вон рочиште, на ден 28.07.2009 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за упис во Единствениот судски регистар на цркви, верски заедници и религиозни групи, што се води при Основниот суд Скопје II Скопје на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" со привремено седиште на ул. „Кочанска" бр. 2/23 Битола , **СЕ ОДБИВА.**

**Образложение**

До Основниот суд Скопје II Скопје на ден 28.04.2009 година доставено е барање за упис – запишување во Единствениот судски регистар на цркви, верски заедници и религиозни групи на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" со привремено седиште на ул. „Кочанска" бр. 2/23 Битола.

Во прилог кон барањето доставени се следните документи-докази: Записник од седницата на Синодот, Одлука за основање на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија", Правилник за уредување на статусот, организацијата и дејствувањето на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" , Изјава, Одлука за определување на лице овластено за застапување и претставување, Одлука за определување на лице надлежно за поднесување пријава за регистрација и три уверенија за државјанство во фотокопја.

Судот со писмо-укажување Рег. РГ.бр. 12 од 10.07.2009, од 23.07.2009год. како и од 24.07.2009 година, го задолжи предлагачот-подносителот на барањето во рок од 15 дена од приемот на истото да постапи по укажувањето на начин што ќе достави уверение за државјанство во оригинал за лицето Ванчо Јовчевски кое нема да биде постаро од 6 месеци сметано од денот на неговото издавање, во спротивно до колку не постапи во означениот рок судот ќе донесе решение согласно чл. 12 ст.4 од Законот за правната положба на Црква, верска заедница и религиозна група.

Судот со Барање Рег. РГ. бр. 12 од 10.07.2009 година се обрати и до Македонската Правосилавна Црква - Охридска Архиепископија и побара од истата да достави известување што претставува поимот „Пеќка Патријаршија", дали е верска заедница, а ако е верски субјект со легитимен правен статус каде припаѓа истата и на кое територијално – канонско подрачје има свое религиозно делување.

Укажувањата со Рег. РГ. бр. 12 од 10.07.2009, од 23.07.2009год. како и од

24.07.2009 година, судот не успеа да ги достави до овластеното лице, од причини што овластеното лице во барањето не посочил адреса на која судот ќе може уредно да ги доставува сите писмена, па поради тоа, а и бидејќи бараниот доказ немаше да влиае на поинаква одлука од веќе донесената, судот одлучи да постапува по доставеното барање.

Писменото барање Рег. РГ. бр. 12 од 10.07.2009 година уредно е примено од страна на Македонска Православна Црква - Охридска Архиепископија на ден 13.07.2009 година.

На ден 21.07.2009 година пристигнат е одговор од верскиот субјект Македонска Православна Црква - Охридска Архиепископија , со кој го известува судот дека терминот „ Пеќка патријаршија " е дел од името на Српската православна црква (согласно нејзиниот Устав член 3, 11 т. 1 и 13 став2 ) и истиот го означува историскиот континуитет на Српската православна црква како канонска наследничка на Пеќката патријаршија, исто како што името Охридска Архиепископија е име на Македонската Православна Црква. Името Охридска Архиепископија е заштитено од страна на Македонската Православна Црква во Државниот завод за индустриска сопственост под ТМ бр. 2004/578. Српската православна 0, црква т.е. Пеќка патријаршија нема никаква канонска, или пак, било која друга јурисдикција над Македонската Православна Црква, ниту пак, на територијата на Република Македонија.

Судот постапувајќи по барањето го разгледа истото, изврши увид во доказите доставени кон барањето, во подоцна доставените докази, изврши увид во одговорот во Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, како и во судскиот предмет Рег. Ц бр. 1/08 од 11.11.2008 година, па ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 27.04.2009 година на ул. „Кочанска" бр. 2/23 во Битола, одржана е седнаца на така наречениот – Светиот Архиерејски Синод на така наречената Православна Охридска Архиепископија.

Седницата, била закажана по покана на така наречениот – неговото преосвештенство, Епископот полошко-кумановски и Администратор дебарско-кичевски Господин Јоаким, а по претходен предлог на така наречениот неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски Г.Г. Јован.

На седницата присуствувале: Така наречените Епископ Јоаким Јовчевски; Епископ Марко Кимев, и Епископ Давид Нинов.

Единствената точка на дневниот ред на седницата било донесување на основачки акти за поднесување барање до судот за регистрација на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" со привремено седиште на ул. „Кочанска" бр. 2/23 Битола.

За оваа седница изготвен е записник кој е потпишан од: така наречен претседател на Свеиот Архиерејски Синод Епископ – полошко-кумановски и Местобљуститеl дебарско-кичевски Јоаким и така наречените Епископ брегалнички и Местобљуститеl битолски Марко и Епископ стобиски Местобљуститеl Давид, како членови.

На истата седница донесена е така наречена Одлука за основање на „Грко-

Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија“ со привремено седиште во Битола на ул. „Кочанска“ бр. 2/23 и доставување на барање до Осносниот суд Скопје II Скопје за регистрација на истата во Регистарот на Цркви, верски заедници и религиозни групи во Република Македонија.

Со истата одлука секретарот на така наречениот Свети Архерејски Синод така наречениот Епископ стобијски Г.Г. Давид Нинов е назначен како лице кое ќе ја застапува „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија“ во односите со другите правни лица и тоа се до враќањето на така наречениот неговото Блаженство Архиепископ Охридски и Митрополит скопски Г.Г. Јован, а воедно истиот е определен и за лице кое ќе поднесе барање-пријава за регистрација на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија“, во надлежниот судски регистар.

Со оваа одлука не е определено лице за претставување на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија“ . Одлуката е потпишана од така наречениот претседател на Светиот Архиерејски Синод Епископ Полошко-кумановски и Местобљуститтел дебарско-кичевски., и членовите - така наречените Епископ брегалнички и Местобљуститтел битолски Марко и Епископ стобиски Местобљуститтел Давид.

На истата седница донесен е правилник за уредување на статусот, организацијата и дејствувањето на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија“ на кој правилник не постојат потписи.

Во чл. 1 од овој правилник е наведено дека „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија“ е божествена установа чија глава е господ Исус Христос и неразделно, догматски е врзана со сите останати правосилавни Христови Цркви, додека во чл. 2 се вели дека „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија“ е автономна црква во канонското подрачеја на Пеќката патријаршија и се управува смаостојно во рамките на нејзината автономнија.

Една од 5-те уставно признати Верски Заедници во Уставот на Република Македонија е Македонска Православна Црква - Охридска Архиепископија – МПЦ со седиште во Скопје на бул. „Партизански Одреди “бр 12.

Во преамлбулата на Уставот на истата се напоменува дека возобновувањето на Охриската Архепископија е во лицето на нејзината канонска наследничка Македонската Православна Црква. Со одлука на Архиепископскиот црковно – народен Собор, одржан на 17 јули 1967 година во Охрид, возобновена е, односно прокламирана е Автокефалноста на Охрдската Архепископија во лицето на Македонската Православна Црква .

Членот 9 од Уставот на Македонската Православна Црква регулира дека на чело на Македонската Православна Црква стои Архиепископ како нејзин поглавар. Во ставот 2 од истиот член на Уставот се појаснува дека титулата на Архиепископот е: Архиепископ Охридски и Макеонски и сеословува со „Ваше Блажество“.

Македонската Православна Црква - Охридска Ариепископија – МПЦ до донесувањето на Законот на верксите заедници и религиозни групи (“Сл. Весник на РМ“ бр. 35/97), се водела како уредно пријавена во Министерството за Внатрешни Работи,

согласно тогаш постојниот Закон за правната полжба на Верските заедници ("Сл. Весник на РМ бр. 39/77), а по влегувањето во сила на Законот за верските заедници и религиозни групи, согласно чл. 35 ст. 2 од споменатиот Закон таа прва го усогласила своето работење пред сите верски заедници и прва се регистрирала и пријавила во Комисијата за односи со Верските заедници и религиозни групи.

Министерството за Внатрешни Работи и издало на Македонската Православна Црква потврда под УП.бр. 30-2468/1 од 22.02.1983 година како доказ дека е запишана во нивниот регистар, а согласно Законот за верските заедници и религиозни групи, од страна на Републичката Комисија за односи со Верските заедници, издадена и е потврда бр. 12-152/3 од 12.01.1998 година со која се потврдува дека Македонската Православна Црква која се водела за пријавена во Министерството за Внатрешни Работи е пренесена во Регистарот за Верските заедници и религиозни групи што се води при Комисијата за односи со Верските заедници и религиозни групи и истата е регистрирана под број 1.

Согласно чл. 35 ст. 1 од Законот за правната посложба на Црква, верка заедници религиозна група („Сл. Весник на РМ" бр. 113 од 20.09.2007 година кој се применува од 01.05.2008 година) органот надлежен за работите во врска со односите меѓу Државата и Верските заедници во предвидениот рок од 60 дена од денот на примената на овој Закон ги доставил до Основен суд Скопје II Скопје податоците и документите за постојните Цркви, верски заедници и религиозни групи запишани во најзиниот регистар.

Согласно цитираниот чл. ст. 1 до Основниот суд се доставени податоците и документите за Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија, па судот согласно ставот 2 од истиот член податоците за истата ги пренел и запишал во надлежниот Судски регистар и врз основа на тоа издал решение Рег. Ц. бр. 1/08 од 11.11.2008 година во кое решение е искажано дека Македонската Православнна Црква - Охридска Ахиепископија, а во комуникацијата со назив Македонска Православна Црква (МПЦ), го задржува постојниот правен субјективитет и статус од причини што истата до 1998 година била регистрирана од страна на органот надлежен за работите во врска со односите меѓу Државата и Верските заедници.

Согласно пристигнатиот одговор од Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија , терминот „ Пеќка патријаршија " е дел од името на Српската православна црква и истиот го означува историскиот континуитет на Српската православна црква како канонска наследничка на Пеќката патријаршија, исто како што името Охридска Архиепископија е име на Македонската Православна Црква. Името Охридска Архиепископија е заштитено од страна на Македонската Православна Црква во Државниот завод за индустриска сопственост под ТМ бр. 2004/578. Српската православна црква т.е. Пеќка патријаршија нема никаква канонска, или пак, било која друга јурисдикција над Македонската Православна Црква, ниту пак, на територијата на Република Македонија.

Ваквата фактичка состојба судот ја утврди врз основа на изведените докази кои претходно беа ценети секој посебно и сите заедно , а во согласност со чл. 7 и 8 од ЗПП и одредбите од ЗВП.

При вака утврдена фактичка состојба судот смета дека не се исполнети материјалните услови за запишување на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" во Единствениот судски регистар на Цркви верски заедници и

религиосни групи што се води при овој суд а поради следндото:

Со указ бр.07-3833/1 од 05.09.2007 година донесен е Законот за правната положба на Црква, верска заедница и религиозна група ( Службен Весник на РМ бр.113 од 20.09.2007 год.)

Во чл.1 ст.1 од цитираниот Закон се вели: „Со овој Закон се уредуваат основањето и правниот статус на Црквата, верската заедница и религиозната група, уредување на богослужба, молитва и верски обред, верска поука и образовни дејности, приходи на црквата, верската заедница и религиозната група, како и други прашања."

Согласно чл.2 од истиот закон - „Црква, верска заедница и религиозна група, во смисла на овој Закон, е доброволна заедница на физички лица кои со своето верско убедување и изворите на нивното учење ја остваруваат слободата на вероисповедта соединети по вера и идентитет изразен со подеднакво извршување на богослужба, молитва, обреди и друго изразување на верата."

Согласно чл. 10 ст 1 од погоре цитираниот закон „Името е официјалните обележја на секоја нова Црква, верска заеедница и религиозна група треба да се разликуваат од називите и официјалните обележја на веќе регистрираните Цркви, верски заедници религиозни групи". Став 2 од истиот член појаснува дека: зборот „Македонија", неговите изведенки, како и преводите на овој збор, потоа грбот и знамето на Република Македонија може да се внесат во името и обележјата на Црквите верските заеедници и релизгиозните групи на начин на кој се истакнува угледот и достоинството на Република Македонија", а ставот три од цитираниот член регулира дека : „За употреба на името "Македонија" Министерството за Правда дава писмена согласност."

Согласно чл. 12 ст. 2 алинеја 5 кон барањето од ст. 1 се доставува одлука за определеување на лице овластено за застапување, на црква верска заедница и религиозна група, а според чл. 13 ст. 1 алинеја 2 стои дека актот за основање содржи седиште и адреса на Црквата, верската заедница и религиозната група во Република Македонија."

Во член 16 ст. 1 од погоре цитираниот закон се вели дека - „До колку не се исполнети материјалните услови од овој Закон за запишување на Црква, верка заедница и религиозна група, судот ќе го одбие барањето".

Имајќи ги во предвид цитираните одредби од Законот се констатира дека истиот ја третира само правната положба на верските субјекти на кој се однесува и го одредува нивното место во однос на другите правни субјекти а особено го уредува начинот на нивното основање како на еден вид на здружение на граѓани и го уредува нивниот правен статус, органицацијата и дејствувањето, уредување на богослужба, молитва, верски обреди и се друго што согласно овој Закон е предвидено во доменот на нивното дејствување и делување.

**Со истите одредби законодавецот само терминолошки, односно како поим ги определил видовите на здруженијата на граѓани изразени како Црква, верска заедница и религиозна група, кои како такви пред се треба да се здружени како**

**доброволна заедница на физички лица, во која заедница – здружение, како верски субјект, со своето верско убедување и врз изворите на нивното учење, физичките лица ќе ја остваруваат својата слобода на вероисповед, а притоа ќе бидат соединети по вера и идентитет кој ќе биде изразен преку подеднакви извршувања на богослужба, молитва, обреди и друго изразување на верата.**

Во смисла на погоре цитираните Законски одредби во конкретниот случај не е така, а поради следното:

**Прво:** Видно од списите во предметот произлегува дека до судот подносителот поднел барање за запишување и регистрирање на верски субјект како „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" за чие основање одлука донел така наречениот Светиот Архиерејски Синод на својата седница одржана на 27.04.2009 година, што е спротивно на Законските одредби кои предвидуваат актот за основање да е донесен од физички лица, а по претходно одржано основачко собрание од нивна страна.

**Ова наведува на заклучок дека во случајот основачко Собрание на физички лица на кое е донесна одлука за основање на доброволна заедница со име назначено во барањето не е одржано, а поднесеното барање за запишување на предметниот верски субјект резултира врз основа на одлука донесена од тело – орган така наречен Светиот Архиерејски Синод.**

Со постапката за донесување на оваа одлука направена е повреда на погоре цитираниот Закон.

**Второ: С**о доставеното барање за запишување-регистрирање на верски субјект означен во барањето како „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" сторена е повреда во поглед на формата бидејќи се бара запишување на субјект кој во таква форма воопшто не е предвиден во погоре цитираниот Закон, а што е спротивно на чл. 1 ст. 1 и чл. 2 од Законот, според чие толкување би значело дека името треба да упатува на фактот дека се работи за Црква, верска заедница или религиозна група и да упатува на видот на изразувањето на верата што преку неа се врши, односно треба да упатува на видот на верскиот субјект чие запишување се бара. .

**Во конкретниот случај од списите во предметот се заклучува дека наведеното име укажува на фактот дека се бара запишување на божествена установа во форма на Архиепископија која припаѓа на Канонско подрачје на Печката Патријаршија, и која установа ќе се управува во рамките на нејзината афтономија, а никако не укажува на фактот дека се бара запишување на доброволна заедница на физички лица во форма каква предвидува Законот.**

Во контекс на ова е така наречената одлука за основање и правилникот за уредување на статусот, организацијата и дејствувањето на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" според кое уредувањето на организацијата и работењето на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" е Архиепископија како божествена установа и во кој правилник станува збор само за организацијата на таа Архиепископија а не и за доброволна заедница на физички лица основана за цели предвидени во чл. 2 од цитираниот Закон.

**Ваквото уредување, статус и работење на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" , во форма каква е предвидена во така наречната одлука за основање и правилникот на истата е спротивно на Законот цитиран погоре.**

**Трето:** Поднесеното барање е спротивно и на цитираниот чл. 10 од истоимениот Закон, во кој јасно е посочено името и официјалните обележја на секој нов субјект што треба да содржат односно дека истите треба да се разликуваат од називите и официјалните обележја на веќе регистрираните верски заедници, а особено е посочено кој „збор" што означува име на конкретна држава, негови изведенки и преводи со сите обележја на државата, како можат да бидат внесени во името на идниот верски субјект. **Тоа значи дека ни во цитираниот член, нити во било која одреба во Законот за правната положба на Црква, верска заедница и религиозна група, не се зборува ниту пак се дава можност во името на верскиот субјект чие запишување се бара да е дозволена употреба на имиња и нивни изведенки кои се дел или пак асоцираат на званични називи односно имиња на држави или на веќе регистрирани верски заедници или пак се однесуваат на канонски територии – подрачја на кој правно дејство односно делување неможе да има Законот за правната положба на Црква, верска заедница и религиозна група туку друга јурисдикција.**

**Со оглед на ова, со предметното барање, со назначување на името на верскиот субјект како „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" се прави повреда на начин што е употребен збор „Грко", кој всушност означува превод на зборовите „Православна црква" на англиски јазик и кој како термин се употребува во англиското говорно подрачје, а кое нешто е спротивно на ст. 3 од чл. 10 од цитраниниот Закон.**

Употребата на зборовите како „Православна Охриска Ариепископија" како сотавен дел на името наведено во барањето исто така е повреда на чл. 10, бидејќи претставуваат дел од генеричното – историското име и по ништо не се разликуваат од зборовите кои се составен дел од името на веќе регистрираната верска заедница Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија, а во комуникацијата Македонска Православна Црква (МПЦ).

Ова затоа што според наоѓањето на судот на оваа легитимна верска заедница, правниот субјективитет во поглед на статусот, името и официјалните обележја и е заштитен со Законот за правната положба на Црква, верска заедница и религиозна група и од причини што местото и улогата на истата и се утврдени во Уставот на Република Македонија.

Дека е тоа така зборува и чл. 9 од Уставот на Република Македонија, според кој граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, а според ставот 1 од членот. 16 на Уставот се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.

Согласно чл. 19 од Уставот на Република Македонија, на граѓаните им се гарантира слободата на вероисповедта, а во ставот 2 на овој член се гарантира слободно и

јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата.

Во ставот 3 од истиот член стои дека Македонската Праволавна Црква и Исламската верка Заедница, Католичката црква, Евангелско-методистичка црква, Еврејсата заедница и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од Државата и се еднакви пред Законот.

**Од овие причини произлегува дека користењето на зборовите Православна Охридска Архиепископија во името на верскиот субјект чие запишување се бара значи повреда на ставот 1 од членот. 10 бидејќи упатува на друга верска заедница во ликот на Уставно определената Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија, која тоа име го користи како уставно, историски, актуелно и во континуитет на целокупниот црковно – просветен и духовен живот во своето исконско и повеќе од осумстото (800) годишно постоење и врз истото само таа има свое историско, црковно, морално и материјално право.**

Сето ова е искажано и во преамбулата на Уставот на Македонската Плравославна Црква - Охридска Архиепископија каде е наведено дека возобновувањето на Охрисдската Архиепикскопија е во лицето на најзината канонска наследничка Македонска Православна Црква, а тоа е сторено со одлука на Архиепископскиот црковно – народен собир одржан на 17.07.1967 година во Охрид каде е возобновена односно прокламирана е афтокефалноста на Охридската Архиепископија во лицето на Македонската Православна Црква.

Ваквата улога и позоиција на Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија е утврдена и во членот. 9 од Уставот на Македонска Православна Црква - Охридска Архиепископија каде е регулирано дека на чело на Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија стои Архиепископ како нејзин поглавар, а титулата на Архиепископот е Архиепископ Охридски и Македонски и сеословува со „Ваше Блажество".

За ваквата позиција и регулиран правен статус на оваа верска заедница говорат и издадената потврда од Минитстерството за Внатрешни Работи УП.бр. 30-2468/1 од 22.02.1983 година како доказ дека е запишана во нивниот регистар потоа издадената потрврда со бр. 12-152/3 од 12.01.1998 година од страна на Републичката Комисија за односи со верските заедници со која се потврдува дека согласно Законот за верксите заедниц и религиозни група како пријавена во Министерство за Внатрешни Работи е пренесена во регистарот на Верски заедници и религиозни групии што се води при оваа комисија како и донесеното Решение од страна на Основниот суд Скопје II Скопје како надлежен суд за водење на Единствениот судски регистар на Цврkви, верски заедниции религиозни групи под Рег. бр. 1 од 11.11.2008 година, со кое Решение согласно чол. 35 сдт. 2 од Законот за правната положба на црква, веркса заедница и религиозна група ( Сл. Весник бр. 113 од 20.09.2007 година) се пренсени и запишани податоците на Македонска Православна Црква - Охридска Архиепископја во надлежниот регистар, а истата со тоа го задржала постојниот правен субјективитет и статус.

**Судот смета дека посочувањето во името на субујектот чие запишување се бара на некоја територијална припадност, односно на канонското подрачје на друг верски субјект во форма во случајот (Патријаршија) каква не предвидува Законот и на**

**која делува јурисдикција на друга држава, е повреда не само на цитираниот Закон туку и на Законите и институциите на Државата во која пак се бара запишување на предметниот верски субјект.**

Ова од причини што во Република Македонија канонска надлежност има Македонска Православнна Црква – Охридска Архиепископија, а не странска црква и ова свое верско делување Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија го стекнала со регулиран правен статус според Законоте на Република Македонија, односно согласно Законот за правната положба на Црква, верска заедница и религиозна група. .

**Од таму произнесувањето во барањето, а особено во Правилникот - чл. 2 дека „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" е автономна црква, е спротивно на Законот за правната положба на Црква, верска заедница и религиозна група, бидејќи верскиот субјект чие регистрирање се бара само формално ќе дејствува како автономна црква, од причини што доставеното барање, за запишување на истата, е само формално барање, а суштински, до колку би се регистрирал бараниот верски субјект - „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија", истиот ќе дејствува на територијата на Република Македонија како дел од странска Православна Црква, бидејќи „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" опишана во правилникот како автономна црква, всушност ќе делува и ќе се управува автономно во канонското подрачје на Печката Патриаршија односно на Српската православна црква, која пак е канонска наследничка на Печката Патриаршија, и која како таква не припаѓа на територијалното подрачје на кое делуваат законите на РМ и која нема никаква канонска, или пак, било која друга јурисдикција над Македонската православна црква нитy пак над територијата на Република Македонија, на која пак територија верско религиозно делување има Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија.**

Ова е спротивно на позитивните правни прописи во Република Македонија, а спротивно е и на сите декларации и конвенции за човекови права каде во членот 1 од Декларацијата за елиминација на сите форми на нетолеранција и дискриминација заснована врз вероисповедта или убедувањето се декларира дека секој има право на слобода на мислата, на свеста и на вероисповедта. Ова право ја вклчува слободата на вероисповед по свој избор и слободата на индивидуално или во заедница со други, јавно или приватно, да ја изразува својата вероисповед или убедувањето во богослужбата , придржување, практикување и учење, а ставот 1 на членот 2 укажува дека никој не смее да биде подложен на дискриминација од ниедна држава, институција, група луѓе или од лице врз основа на вероисповедта и убедувањето.

Со членот 18 од Универзалната декларација за правата на човекот се уредува дека секој има право на слобода на мислата, совеста и религијата. ова право ја вклучува и слободата – човекот да ја промени својата религија или убедување, како и слободата – човекот, индивидуално или во заедница со други луѓе, приватно или јавно, да ја манифестира својата религија или убедување преку подучување, практикување, одржување служби или обреди.

Согласно на член 29 ст. 2 од оваа Декларација, при користењето на своите права и слободи, секој ќе подлежи само на ткакви ограничувања, какви што се определени со Закон, со едиствена цел да се осигура должното признавање и почитување на правата и слободите на другите и со цел да се задоволат предметните барања во врска со моралнот, јавниот ред и општата благосостојба во едно демократско општество.

Според член 9 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, секој човек има право на слобода на мислите, совеста и верата. Ова право ја вклучува слободата за промена на верата и убедувањето, како и слободата за изразување на својата вера или убедување, сам или заедно со другите, јавно или приватно, преку богослужба, поука, проповеди, верски обреди и ритуали. Слободата на изразување на својата вера или на своите убедувања може да биде предмет само на оние ограничувања што се предвидени со Закон и кои преставуваат мерки во интерес на јавната безбедност, поредокот, здравјето и моралот или заштита на правата и слободите на други, неопходни во едно демократско општество („Службен весник на РМ" бр. 11/1997 година).

**Четврто:** во чл. 12 ст. 2 од Законот за правната положба на Црква, верска заедница и религиозна група се регулира што се, се доставува со барањето за упис, а членот 13 од истиот закон упатува на тоа што се, треба да содржи актот за основање, со цел да се докаже исполнувањето на условите за запишување.

**Судот констатира дека и во овој дел е направена повреда на Законот од причини што во така наречената одлука за основање на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" е предвидено само застапување на истата а не и нејзино претставување – како што тоа го бара член 12 ст. 2 алинеја 5, а застапувањето е дадено на така наречнниот секретар на така наречениот Свети Архиерејски Синод и истото е ограничено со враќањето на така наречениот неговото Блажество Архиепископ Охридски и Митрополит скопски Господин, Господин Јован.**

**Повредата е направени и со член 2 од Одлуката за основање каде е назначено привременото седиште на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" што е спротивно на чл. 13 ст. 1 алинеја 2 од цитираниот Закон, бидејќи во цитираниот член не станува збор за привремено седиште на верскиот субјект чие запишување се бара, туку на точно одредено седиште и адреса во Република Македонија** .

При ваква состојба на работите судот смета дека вака поднесеното барање за запишување во Единствениот судски регистар на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" е спротивно на чл. 1 ст. 1, чл. 2, чл. 7 ст. 1, чл. 8, чл. 9 ст. 3, чл. 10, чл. 12 ст. 2 алинеја 5 и чл. 13 ст. 1 алинеја 2 од Законот за правната положба на Црква, верска заедница и религиозна група, **односно барањето е неосновано па судот како такво го одби.**

**Ова од причини што според наоѓање на судот, запишувањето на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" во Единствениот регистар на Цркви, верски заедници и реллигиозни групи, покрај погоре даденото образложение: ПРВО- би значело повреда на погоре цитираните одредби од**

**спomenатиот Закон, бидејќи овој закон го уредува само основањето и правниот статус, уредувањето на богослужба, молитва и верски обред, верска поука и образовни дејност, приходи и друго на ОДРЕДЕНИ СУБЈЕКТИ,- ДОБРОВОЛНИ ЗАЕДНИЦИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА, ОПРЕДЕЛЕНИ И НАБРОЕНИ ВО ЗАКОНОТ КАКО: ЦРКВА, ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА и РЕЛИГИОЗНА ГРУПА а не и на други религиозани субјекти, и: ВТОРО- би била ПОВРЕДЕНА СЛОБОДАТА НА ВЕРОИСПОВЕД загарантирана со Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, со Уставот на Република Македонија и со конвенцијата на човековите права, НА СИТЕ ФИЗИЧКИ ЛИЦА – ВЕРНИЦИ КОИ СВОЈАТА СЛОБОДА НА ВЕРОИСПОВЕД ЈА ИЗРАЗУВААТ ПРЕКУ ВЕЌЕ РЕГИСТРИРАНИ ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ, а особено би бил повреден легитимниот и регулираниот правен статус на другите доброволни заедници на физички лица веќе запишани во единствениот судски регистар на цркви, верски заедници и религиозни групи, во форма, положба и содржина предвидена во одредбите од погоре цитираниот закон, односно тоа би значело повреда на нивните органи на управување, хиерархија, надлежност, титули, и верско и религиозно делување и се друго што е предвидено во нивните акти.**

Во контекс на ова се и одредбите од членот 7 ст. 1 и ченот 8 од цитираниот Закон во кој децидно стои: Дека Црквата, версиката заедница и религиозната група своите активноти ги вршат согласно со позитивните законски прописи на Република Македонија, меѓународните деклараци и конвенции за слободата на вероисповедта и изразувањето на верата и дека со Закон може да се ограничи слободата на изразување на религијата или убедувањето до колку тоа е неопходно во интерес на јавната сигурност, поредокот, здравјето, моралот или заштитата на правата и слободите на другите.

**На сето ова искажано погоре, судот не можеше да донесе поинаква одлука, освен одлуката содржана во изреката на ова решение, на која секако делуваше постоењето на барање кое целосно е нејасно, неразбирливо, конфузно и во поглед на фактите наведени во него контрадикторно на наброеното во Законот и во кое е наведено и искажано се друго, освен она што децидно го бара Законот.**

При одлучувањето, судот ги имаше во предвид и наводите искажани во барањето од страна на полносителот, а особено наводите со кој подносителот го „овластува“ и му „дава право“ на судот, тој во негово име да одлучи со каква форма и со каков правен статус ќе го запише во надлежниот регистар здружениоето-субјектот чиј упис го бара со доставеното барање, а при тоа и самиот не е определен што е тоа чие запишување го бара.

Ваквите наводи судот не ги прифати, со образложение дека судот при одлучувањето не постапува по нечие овластување, не исполнува желби, туку постапува и спроведува Закон и врз основа на истиот донесува правилна, правична и на закон заснована одлука.

Во поткрепа на ова образложение, неминовно се наметнува прашањето за етичноста и моралното однесување на подносителот на барањето, кога од една страна со доставеното барање се обраќа до судот и бара од истиот да изврши упис во надлежниот регистар на Цркви, верски заедници и религиозни групи на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија“, а од друга срана со истото тоа барање со недолично обраќање и со вметнување на елементи на заплашување, предупредување,

заканување, искажува непочитување на Законите и институциите на Република Македонија, на кој припаѓа и овој суд, потоа искажува непочитување на јавната сигурност, поредокот, здравјето, моралот и правата и слободите на другите граѓани, со што целосно прави повреда на погоре цитираните одредби од чл. 7 ст. 1 и чл. 8 од споменатиот Закон.

Судот цени дека изразувањето на верата, било тоа да е од поединец или група, може да се врши слободно и таквите дејствија ги гаранатира Уставот на Република македонија и погоре цитираниот Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, но исто така, неспорно е дека вршењето на таквите дејствија неможе да ги загрозува другите уставно определени дејности меѓу кои и другите слободи и права на кои упатуваат и Универзалната декларација за правта на човекот и европската коневенција за заштита на човековите права и слободи.

Имајќи го во предвид изнесеното погоре, судот смета дека нема основ во наведените законски одредби, барањето за запишување на „Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија" во единствениот судски регистар на Цркви, верски заедници и религиоазни групи да биде прифатено и поради неисполнети материјални услови од Законот за правната положба на Црква, верска заедница и релилигиозна група, согласно чл. 16 ст. 1 од истиот Закон, одлучи како во изреката на ова решение.

**ОДЛУЧЕНО ВО ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ**
**Рег. РГ. бр. 12 од 28.07.2009 год.**

**С у д и ј а,**
**Маргарита Тошанова с.р.**

**ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истото преку овој суд до Апелациониот суд во Скопје

**НАЛОГ ЗА ТАКСА:** Се задолжува предлагачот на име судска такса за решение да плати 1.000,00 денари на жиро сметка на судот 840 - шифра на општина - 3338, повикувачки бр.722211, во спротивно истата ќе се наплати присилно зголемена за 50%.

**Д.Н.** на - Подносителот Давид Пинов село Сушица б.б. Скопје
- Републичка комисија за односи со Верски заедници зграда на МРТ бул. Гоце Делчев- бб, 18 кат Скопје

Судија